| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пред Нова година!!! |
| **Содржина на денот** | „Декорирање на новогодишна честитка“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на нови начини на поздравување (со тупаница, со лакт, со нога, мафтање со раце и сл.) се со цел да се заштитиме и да го зачуваме нашето здравје. (сл.1, 2, 3) |
| **Активности** | 1. „Декорирање на новогодишна честитка“<br><br>Активноста може да ја започнете со разговор за претстојните новогодишни празници по слика. Значи ќе водите разговор за украсување на новогодишната елка , новогодишните декорации ,но и позитивните чувства и емоции кои се создаваат во овој период од годината. Едноставно се чувствуваме среќни, весели и исполнети.(сл 4, 5, 6, 7). Може и да направете мала прошетка до центарот на градот за да може детето да ја почуствувува новогодишната магија.<br><br>Новата година ни носи нови нешта, нови радости и нови почетоци, бидејќи живееме во ново време (време на пандемија) ќе ги споменеме и другарчињата од нашата група од градинката (ќе поразговараме колку ни недостасуваат, колку ни недостасува другарувањето и времето кое што го минувавме заедно).<br><br>За таа цел предложете им на своите деца да изработите „Новогодишни честитки“ за другарчињата во градинка, исто така може и за баба и дедо и сите кои што многу ни недостасуваат. Според матерјалот што го имате дома еве некои идеи за изработка( сл. 8, 9, 10, 11). Превиткајте |

| | |
|---|---|
| | подебела хартија во боја, на неа може да залепите претходно исечена елка, лампион, Дедо Мраз, елен или нешто слично, потоа разни украси, светки, ленти во разни бои од хартија, лепило, ножички сл. 1. 2, 3, 4, 5, 7,8,9, 10, 11,12). Добро би било да го поттикнувате детето честитката да ја декорира по своја сопствена желба, идеа и замисла и секако самостојно да работи.<br><br>Откако ќе ги изработите честитките може и да ги испратите до другарчињата, и да ги израдувате со убаво новогодишно внимание.<br><br>За крај за да останете во убаво празнично расположение може да ја слушате новогодишната песна - „Дојде Нова година“- Поточиња 2013 год. |